Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-208/3

04-05-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-208/1 од 03.03.2023 година поднесена од [redacted] од Скопје, во име на неговиот малолетен син [redacted] против Министерство за образование и наука, за извршена дискриминација врз основа на образование во областа на образованието, науката и спортот кон ученикот [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 28.4.2023 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на образование во областа на образование, наука и спорт сторена од страна на Министерство за образование и наука врз [redacted].

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-208/1 на 3.3.2023 година, од страна на [redacted] од Скопје, во име на неговиот син [redacted], за сторена дискриминација врз основа на образование во областа на образование, наука и спорт, од страна на Министерството за образование и наука.

Согласно наводите од претставката, подносителот е татко на ученикот [redacted], кој конкурирал за добивање ученичка стипендија на конкурс за талентирани ученици од областа на природните и техничките науки распишан од страна на Министерството за образование и наука. На ден 16.1.2023 година, Министерството за образование и наука донело решение за одбивање на апликацијата бр. 201207 поднесена од [redacted] како ученик во ПСУ [redacted] Скопје. Во решението е образложено дека Комисијата за доделување стипендии за талентирани ученици од средното образование од областа на природните и техничките науки од јавните и приватните средни училишта во РСМ за учебната 2022/2023 година, по извршувањето на увид во доставената документација утврдила дека кандидатот [redacted] ги исполнува условите предвидени во објавениот конкурс, а по извршеното рангирање утврдила дека кандидатот има освоено 5 бодови. Понатаму било наведено дека конечната листа од рангираните кандидати за доделување 100 стипендии е затворена заклучно со 6 бодови, поради што на кандидатот [redacted] не му се доделува стипендијата.

Подносителот на претставката, [redacted] поднел жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, согласно упатството за правно средство од решението, и истата била примена во архива на претходно споменатата институција на 28.2.2023 година. Исто така поднел претставка и до Канцеларијата на Народниот Правобранител на РСМ, која била примена во архивата на 1.3.2023 година.

Во поднесената претставка се наведува дека синот на подносителот, [redacted] како кандидат на Конкурсот за стипендија за талентирани ученици од средното образование од областа на природните и техничките науки од јавните и приватните средни училишта во РСМ за учебната 2022/2023 година, според приложените дипломи и важечките критериуми од конкурсот за нивно

бодување, требало да биде рангиран со вкупно освоени 8 бодови, а не 5, како што е наведено во решението за одбивање на неговата апликација. Имено, ученикот [redacted], покрај потребните административни документи, кон апликацијата за стипендија соодветно приложил како доказ и 4 дипломи освоени во текот на учебната 2021/2022 година, од кои 3 дипломи од натпревари на државно ниво: 1 диплома за освоен златен медал (прва награда) на Јуниорска Македонска математичка олимпијада, 1 диплома за освоена втора награда на Државниот натпревар по математика за учениците од средното образование, 1 диплома за освоен бронзен медал (трета награда) на Македонската математичка олимпијада; и 1 диплома освоена на меѓународен натпревар, и тоа бронзен медал (трето место) на Јуниорската Балканска математичка олимпијада во Сараево, Република Босна и Херцеговина. Подносителот на претставката тврди дека неговиот син, како кандидат за стипендија, согласно важечките критериуми од конкурсот за стипендии за бодување на дипломите, требало да биде рангиран со освоени вкупно 8 бодови за 4 приложени дипломи од 1 категорија - математика, при што 4 бодови за највисоко освоената - прва награда и дополнителни 4 бодови за секоја поединечна награда.

Согласно претходно наведеното, подносителот на претставката тврди дека нетранспарентното, кратко и штуро образложение од решението за одбивање на апликацијата за стипендија, во кое недостасувало објаснување за тоа како се добиени 5-те бодови, дали сите дипломи се земени предвид, како и начинот на бодување, го става апликантот [redacted] во дискриминирачка положба.

Дополнително, тој смета дека важечките критериуми за бодување на приложените дипломи во смисла на тоа дека доколку наградите се од иста област (во случајов - од математика), се вреднува само највисоката со бодови од основниот критериум, додека останатите награди се вреднуваат со само 1 бод, претставува дискриминаторска пракса. Подносителот тврди дека следствено на ова, не се постигнува издвојување на квалитетот, што создава револт и недоверба кај учениците, создавајќи слика на дискриминација кон апликантите кои одлучиле да се фокусираат на натпреварување во една област од природните и техничките науки. Дополнително, подносителот тврди дека и критериумот за доделување на вкупно 100 стипендии е дискриминирачки, по основ што 90 стипендии се предвидени за учениците од јавните средни училишта, додека само 10 се предвидени за учениците од приватните средни училишта, со што реално, постојат две конечни листи на рангирани кандидати за доделување на стипендија.

Оттука, наведува дека во образложението од решението за одбивање на апликацијата за стипендија на [redacted] е пропуштено да се дефинира дека фактот што конечната ранг листа за доделување на 100 стипендии е заклучена со 6 бодови, се однесува исклучиво на ранг листата на кандидати за доделување на 10 стипендии за ученици од приватните средни училишта. Подносителот тврди дека вакво дефинирање е потребно со цел да се обезбеди точност и транспарентност на информациите при изготвувањето на вакви решенија, како и дополнително заради тоа што се создава сомнеж од можноста конечната ранг листа за доделување на стипендии на кандидатите од јавните средни училишта да е дефинитивно заклучена на различно бодовно ниво, со голема веројатност да е многу пониска од границата од 6 бодови која е наведена во решението за одбивање на апликацијата за стипендија на [redacted]

Дополнително, истакнува дека на иницијатива на Министерството за образование и наука, донесена е одлука од Владата на РСМ на 21.12.2022 година, согласно која се зголемува бројот на стипендии за талентирани ученици во областа на природните и техничките науки, од 100, на 115 доделени стипендии, при што во моментот на соопштување на одлуката, немало достапна информација за тоа како ќе бидат распределени дополнителните 15 стипендии. Подносителот на претставката, по објавувањето на конечните ранг листи на ученици кои се стекнале со право на

стипендија, воочил дека овие дополнителни 15 стипендии биле доделени на ученици од средните јавни училишта. Оттука, тој тврди дека претходно наведеното создава слика на недоволна транспарентност и слаба информираност во процесот, како и сериозна дискриминирачка пракса кон апликантите кои се ученици во приватните средни училишта во РСМ. Во продолжение истакнува и дека лицето во чие име ја поднесува претставката, неговиот син [redacted], како ученик со континуирано присуство на натпревари од разни области и покажани добри резултати со освојување награди и претставување на државата на меѓународно ниво, се стекнал со правото да учи во приватно средно училиште поради покажаните високи резултати при процесот на селекција на ученици, а не затоа што тоа му било финансиски овозможено од страна на неговите родители.

Следствено на ова, подносителот на претставката тврди дека праксата на континуирано нетранспарентно информирање при објавувањето на конечните ранг листи на кандидати со одобрени стипендии, односно недостатокот на информации за долната бодовна граница на двете поединечни ранг листи - за јавните и за приватните средни училишта, како и непостоењето на јавна информација за поединечно освоените бодови на апликантите, доведува до ситуација да ученикот чија апликација била одбиена да претпоставува зошто и како била рангирана неговата апликација. Исто така тврди дека поделбата на ученичките стипендии по основ апликанти од јавни и апликанти од приватни средни училишта резултира со сериозна дискриминирачка пракса, правејќи непотребни дискриминирачки поделби меѓу учениците во средно образование.

Во прилог на претставката како доказ беше приложена следнава документација:

- Решение за одбивање на апликацијата за стипендија на [redacted]
- 4-те приложени дипломи на [redacted] на конкурсот за стипендија;
- Конкурсот за стипендија за талентирани ученици од средното образование од областите на природните и техничките науки од јавните и приватните средни училишта во РСМ за учебната 2022/2023 година, вклучувајќи ги критериумите за бодување;
- Објава од МОН за зголемување на бројот на стипендии;
- Конечна ранг листа од кандидати кои се здобиле со право на стипендија.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 8.3.2023 година испрати Известување бр. 08 – 208/2 за произнесување по наводите од претставката до Министерство за образование и наука, за коешто има повратница за уредна достава.

Имајќи го предвид фактот што Министерството за образование и наука не достави одговор на Известувањето за произнесување, Комисијата при носење на мислењето ги ценеше исклучиво наводите од претставката.

Имајќи ја предвид фактичката состојба опишана во претставката, како и законската дефиниција за дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека тврдењето за сторена дискриминација не е веројатно, согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други".*

Првенствено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно законските надлежности, нема надлежност да ја преиспитува постапката за доделување стипендии водена од страна на Министерството за образование и наука. Во таа насока, подносителот на претставката веќе поднел жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Со тоа, тој го искористил правниот лек даден во Решението бр. 19-1335/1-4 од 16.1.2023 година со кое апликацијата за доделување на стипендија на [redacted] се одбива. Со оглед на тоа што Државната комисија е надлежна да одлучува по жалбата околу потенцијални неправилности во постапката за доделување на стипендија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го повикува подносителот да го чека исходот од постапката пред надлежната институција.

Што се однесува, пак, до самите тврдења за нееднакво постапување при доделување на стипендиите кое довело до дискриминаторски третман, Комисијата не ги потврди ваквите наводи. Имено, Комисијата не утврди дека ученикот [redacted] бил ставен во нееднаква положба во однос на другите ученици, а врз некоја дискриминаторска основа. Фактот што тој е ученик во приватно средно училиште не довело до дискриминаторски третман од страна на Министерството за образование и наука во процесот на рангирање на кандидатите за стипендии и остварувањето на самото право на стипендија, со оглед на тоа што во самиот оглас било наведено дека од вкупните 100 стипендии, 10 ќе им бидат доделени на учениците од приватните средни училишта, односно тоа им било веќе познато на кандидатите. Согласно бодувањето, тој имал помалку поени од последно рангираниот на листата од 10 ученици од приватните средни училишта, па следствено апликацијата му била одбиена. Доколку ученикот смета дека самото бодување било погрешно направено, истото би се испитувало во постапката пред Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Во однос на Одлуката од страна на Владата на РСМ за доделување на нови 15 стипендии за талентираните ученици од областите на природните и техничките науки, Комисијата повторно не пронајде факти и околности кои укажуваат на дискриминаторско постапување кон учениците од приватните средни училишта.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на мислењето и утврди дека не е сторена дискриминација врз основа на образование во областа на образование, наука и спорт од страна на Министерство за образование и наука врз ученикот [redacted]

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

Скопје
4.5.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- Министерство за Образование и Наука, ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, 1000 Скопје

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk